Се поканувaат сите Акционери на ОКТА АД – Скопје на

**24-от СОСТАНОК НА ГОДИШНОТО ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

На ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво – Скопје што ќе се одржи во просториите на Компанијата со седиште на Ул.1 бр.25 во н.м. Миладиновци, 1001 Скопје,
во Четврток, 22-ри Мај 2014 год.,со почеток во 12.00 часот.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Процедурален дел (Избор на претседавач, бројачи на гласови);
2. Претставување на годишната сметка, финансиските резултати за 2013 година и на ревизорскиот извештај за фискалната 2013 година и годишниот извештај за работењето во 2013 година
   2/1 Одобрување на усвоената годишна сметка, ревидираните финансиски извештаи и годишниот извештај за годината која заврши на 31-ви декември 2013
   2/2 Донесување Одлука за покривање на утврдената загуба во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ОКТА за годината која заврши на 31-ви декември 2013 година
   2/3 Одобрување на работата на Одборот на директори во 2013 година;
3. Донесување одлука за назначување на овластен ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на ОКТА за 2014 година.
4. Донесување одлука за избор на членови на Одборот на директори

**УПАТСТВО ЗА ГЛАСАЊЕ**

Собранието одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.
Вклучувањето на нови точки во дневниот ред може да се врши само по писмен пат, на начин утврден со член 390 од Законот за трговските друштва.
Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото, е должен да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на закажаното Собрание, заради евидентирање во списокот на присутни и бројот на гласовите кои по основа на акциите му припаѓаат на секој акционер.
Право на учество во работата и право на глас во Собранието има секој акционер лично, или од него овластено лице кое ќе го застапува на Собранието, со писмено полномошно за што акционерот мора да го извести Друштвото по писмен пат.
Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.
Образецот на полномошното е достапен за преземање од интернет страницата на Друштвото.
Материјалите по точките од дневниот ред може да се разгледаат во Дирекцијата за правни работи секој работен ден од 12,00 до 13,00 часот од денот на објавувањето на јавниот повик и се објавени на официјалната интернет страница на Друштвто.
Официјалната интернет страница на Друштвто е:
www.**okta**-elpe.com

ПО ПРЕДЛОГ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ
Претседател,
Николаос Скандалис